МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА
## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 65**

Предлог-закони утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во септември 2021 г.

12

Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: 5

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: 0
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 5

Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР: 0

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: 0
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 0

Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР: 7

**кај 5 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**7 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МФ | 3 | 3 | 100% |
| МП | 4 | 0 | 0% |
| МВР | 1 | 1 | 100% |
| МТВ | 2 | 2 | 100% |
| МОН | 1 | 0 | 0% |
| Влада | 1 | 1 | 100% |
| ВКУПНО | 12 | 7 | 58% |

*Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од МЦМС.. Во рамките на ГРЦ се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот се одредува според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во текот на септември 2021 и нивно поставување на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 30 септември 2021 г., до Собранието беа поднесени вкупно 20 различни предлог-закони, од кои за 12 постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие 12 предлог-закони, пет беа ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста и рокот за консултации од 20 дена е испочитуван кај сите, а статусот на ЕНЕР не е сменет во "Затворен" кај ниту еден од овие предлог-закони. Останатите осум предлог-закони немаат обврска да бидат ставен на ЕНЕР бидејќи четири се предложени од групи на пратеници а останатите четири се ратификации.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог – закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на крвични дела или за извршување на кривични санкции, Предлог- закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Предлог-закон за адвокатурата, Предлог-закон за Академија за судии и јавни обвинители, предложени од **Министерство за правда,** Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција предложен од **Министерство за образование и наука.**

Предлог-законите за кои постоеше обврска да бидат ставени на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог-закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, предложен од **Министерство за внатрешни работи,** Предлог-закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка, Предлог-закон за дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, по скратена постапка, предложени од **Министерство за транспорт и врски,** Предлог-закон за гаранција на РС Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Предлог-закон за гаранција на РС Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Патен коридор VIII – I фаза на проектот, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, Предлог-закон за регулирање на обврските на РС Македонија кон ММФ по основ на користење на средствата од општата нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуција на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр. 76-1, по скратена постапка, предложени од **Министерство за финансии,** Предлог – закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид, по скратена постапка, предложен од **Влада**.

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

**Во овој број:**

**Предлог- Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик**

**Предлог- Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик**

Целта на овој предлог-закон е да се направи изменување и дополнување на одредбите на Кривичниот законик во четири област, и тоа: имплементација на Истанбулската конвенција, интервенција во кривичните дела кои се поврзани со безбедноста на новинарите, менување на одредени одредби од Кривичниот законик (во сферата на конфискацијата и тортурата) како резултат на пресуди донесени од Европскиот суд за човекови права со кои се утврдува повреда на одредби од Конвенцијата, како и усогласување на Кривичниот законик со Директивата (ЕУ) 2017/1371 за борба против измама во врска со финансиските интереси на Унијата со примена на кривичното право.

Во член 122, стои дека како службено лице, кога тоа е означено како сторител на кривично дело се смета, меѓу другото и „овластено лице во правно лице на кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон му е доверено вршење на јавни овластувања, кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања, како и овластено лице за застапување на здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот".

Најголемиот дел од измените и дополнувањата на Кривичниот законик се во однос на одредбите со кои се имплементира Истанбулската конвенција. Така, во членот 122 семејното насилство се дефинира како малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не. Исто така, постојната дефиниција на „жртва на кривично дело" се доополнува со жртва на родово базирано насилство под што се подразбира секоја жена и девојчиња до 18 години спрема кои под тие околности е сторено кривичното дело. За прв пат се дефинира и родово базираното насилство врз жените кое означува насилство насочено против жената поради нејзина припадност на женскиот род што доведува или може да доведе до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

Предлог-законот става приоритет и на заштитата на новинарите во вршењето на нивните работни задачи. Во таа насока се и предложените измени во соодветните одредби. Така, со член 6 ставот 8 се предвидува квалифициран облик на кривичното дело „Убиство" за убиство на новинар или друг медиумски работник. Истото е сторено и кај кривичното дело „Присилба" (член 11 став од Предлогот), за кривичното дело „загрозување на сигурноста" (член 15 став 4 од Предлогот), како и за кривичното дело „Спречување службено лице во вршење службено дејствие" (од член 31 од Предлогот).

Во однос на кривичното дело „малтретирање во вршењето на службата се предлага негово изменување. Имено, се предлага пропишување казна затвор од три до осум години за службено лице што во вршењето на службата или кое било друго лице што постапува во службено својство, како и лице што поттикнато од службено лице или со негова изречна или премолчена согласност, свесно неовластено употребува сила, се заканува, или врши физичко или психичко насилство за да му нанесе на друго лице физичка или душевна болка или страдање што претставува сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Со членот 16 од Предлогот се пропишува ново кривично дело „Демнење", сгласно одредбите од Истанбулската конвенција. За основниот облик на ова дело е пропишана парична казна или затвор до три години за оној што повторено неовластено ќе следи, прогонува или на друг начин се меша во личниот живот на друг, или со него воспоставува или настојува да воспостави од него несакан контакт со движење во просторот каде се наоѓа тоа лице, со злоупотреба на користење на личните податоци, со користење на средства за јавно информирање или други средства за комуникација, или на друг начин психички го злоставува, вознемирува или застрашува и со тоа ќе предизвика чувство на несигурност, вознемиреност или страв за неговата сигурност или сигурноста на нему блиско лице. Доколку пак делото е сторено спрема лице со кое сторителот е или бил во интимна врска или спрема дете, пропишана е казна затвор од шест месеци до пет години.